# Етиопија Tribal Adventure

## 6. февруари 2026. - 15. февруари 2026.
## 10 дена - 7 ноќи

**Етиопија – Добредојдовте во Африка и нејзината изворна форма!!**

Jungle авантура која ќе ве однесе од урбаната џунгла -- Адис Абеба до неверојатните предели на Долината Омо – дом на најфасцинантните племиња на планетата.

Ќе ги сретнеме жените на **Мурси**, симбол на храброст во Етиопија, жени кои се препознатливи по глинените дискови во нивните усни. Го посетуваме и племето **Хамар**, каде момчињата стануваат мажи скокајќи преку бикови, а жените гордо ги носат своите лузни како симбол на љубов и почит. Ќе се изгубиме во суровата, но магичното секојдневие на племето **Дасанеч**, ќе нè фасцинираат тетоважите на племето **Каро**, а сосема на крај ќе ни се насмевнат децата на племето **Бена --** кои гордо пешачат на дрвени штаки. Го посетуваме и племето **Консо**, племе по кое долината го добива своето име. Ќе видиме како векови традиција се преточиле во уникатен начин на агрикултура и единствен општествен систем.

Исполнети од дружбата со уникатните африкански племиња се селиме во Арба Минч, еден од најживописните региони на #целсвет! Уживаме во нашиот зен додека пловиме по езерото **Чамо.** А се разбира ни остана уште една дружба со шареноликите народи на Етиопија. Го посетуваме народот -- **Дорзе,** можеби и најсреќниот народ на #целсвет, кои не хипнотизираат со нивните бајковити куќи и енергичен танц.

А на самиот крај, се вратиме во Адис Абеба – во веќе познатиот градот во кој секој агол мириса на највкусното кафе, а улиците танцуваат во афрички ритам.

**Патување во срцето на Африка, каде што времето застанало, а приказните живеат.**

## !!!! СИТЕ ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ!!!!

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанокот на патниците е на Меѓународниот Аеродром во Скопје два часа пред летот. Лет од Скопје со Turkish Airlines, со преседнување во Истанбул. Преседнување на лет за Адис Абеба. Авантурата може да започне!

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Адис Абеба (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување во Адис Абеба**

Пристигнуваме во вечерните часови во еден од најхаотичните, живописни и пулсирачки главни градови на Африка – Адис Абеба. По слетување, трансфер до нашиот хотел и ноќевањ пред вистинската авантура која е пред нас.

**Сместување**
Caravan Hotel Addis Abeba **(1 ноќ)**

**Место**
Адис Абеба (Addis Ababa)

**Ден 3: Националниот парк Маго и племето Мурси**

Check out и трансфер до аеродром. Утрински лет кон Јинка – порталот кон една друга реалност. По пристигнувањето возиме кон Националниот парк Маго, каде нè чека првата средба со легендарното племе **Мурси** – препознатливи по жените кои носат глинени дискови во усните. Секое патување во долината Омо има една точка каде што тишината станува гласна. Тоа е во Мурси. Длабоко во Националниот парк Маго во југозападниот дедл на земјата, близу границата со Јужен Судан, каде патот исчезнува и само прашината останува, живее едно од најфасцинантните и најконтроверзни племиња на планетата – племето Мурси.

Жените на Мурси се симбол на африканската необичност - носат глинени дискови во долната усна. Што поголем дискот, толку поголема убавина. Толку поголем статус. Толку поголема храброст. Дисковите можат да достигнат и до 12–15 сантиметри во дијаметар! Но овде ништо не е „за слика“. Овде, сè има значење. Лузните на телото се приказни. **Добредојдовте во Африка и нејзината изворна форма!**

**Сместување**
Nassa Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Адис Абеба (Addis Ababa), Долината Омо

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 4: Племето Хамар**

Сè е живо: прашина, гласови, бои, погледи. Тргнуваме на југ, кон Турми. На патот застануваме на еден од племенските пазари (Кејафер или Димека). Ќе го посетиме племето **Хамар**, каде младите мажи сè уште скокаат преку бикови за да докажат дека се возрасни, а жените ги носат лузните од љубовта и гордоста!

Хамар племето е едно од најпознатите во Долината на Омо, и со право се смета за едни од највпечатливите чувари на традицијата во Етиопија. Тие живеат во ридовите и долините околу Турми и се препознаваат по својата уникатна култура, украсување и спектакуларни ритуали.

Жените лесно се препознаваат по своите фризури со мали плетенки, обложени со мешавина од црвена глина и путер, кои им даваат карактеристичен изглед. Носат и кожни здолништа украсени со школки и монистра, како и тешки метални ѓердани кои често ја симболизираат нивната брачна состојба. Во ова племе и мажите и жените користат монистра и разни украси, но мажите дополнително се гордеат со лузни на телото, кои ги стекнуваат во борби или лов – симбол на храброст и зрелост.

Ритуалот „скокање преку бикови“ (Ukuli Bula) е најпознатиот обред на племето Хамар. Младите момчиња за да станат мажи мора да истрчаат и да скокнат преку редица бикови (понекогаш и повеќе пати). Ако успее, се смета дека е подготвен за брак и за преземање одговорности како возрасен маж. За време на овој обред, жените од племето самите се камшикуваат со гранки, оставајќи лузни на своето тело како симбол на лојалност и љубов кон семејството. Дефинитивно „скокањето преку бикови“ е искуство кое се памети цел живот!

Племето Хамар е познато и по своите колоритни локални пазари во Турми, каде што мажите и жените доаѓаат облечени во најубавите традиционални облеки и украсени со монистра и бои и претставуваат голем социјален настан.

**Сместување**
Evangadi Lodge **(1 ноќ)**

**Место**
Долината Омо

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Племињата Дасанел и Каро**

Авантурата ја започнуваме со племето **Дасанеч**, крај самата граница со Кенија. Дасанеч племето е едно од најфасцинантните во југоисточна Етиопија, сместено покрај бреговите на реката Омо, во една од најдивите и најавтентични области на земјата. Живеат во исклучително сурови услови, во средина со малку дожд и чести суши. Сепак, се приспособиле со комбинација на сточарство, риболов и земјоделство. Добитокот им е најголемото богатство и симбол на статус. Нивните куќи се изградени од гранки, трска и кал, често покриени со кожа или метални плочи. Дасанеч имаат специфични церемонии, меѓу кои најпозната е иницијацијата на момчињата во мажи. За време на оваа церемонија, младите мора да издржат физички предизвици и ритуали кои симболизираат храброст и зрелост. Посетата на Дасанеч племето е како патување низ времето. Тие живеат далеку од модерниот свет, но со неверојатно чувство за заедница и прилагодливост. Секој контакт со нив е прилика да се види колку различни начини постојат за да се живее и преживее, и колку културното богатство на Етиопија е длабоко и автентично. Продолжуваме кон племето **Каро**!

**Каро** племето е едно од најмалобројните, но и највпечатливите племиња во долината на реката Омо! Вистински уметници на телото и мајстори во создавање визуелна уметност со која го изразуваат својот идентитет и гордост. Користат бела глина, црвена окра и јаглен за да создадат комплексни цртежи по телото и лицето, најчесто инспирирани од природата и животните околу нив. Секој украс на телото има своја симболика – белите линии можат да претставуваат движење на реката, додека точките и кружните форми често асоцираат на ѕвезди или на сонцето.

Иако се мирољубиви, мажите често носат копја или калашникови, наследство од минатите конфликти во регионот. За време на нивните ритуали и танци, оружјето станува дел од настапот, симбол на сила и храброст. Средбата со племето Каро е како да присуствуваш на жива уметничка изложба. Нивните тела се платно, а секој дизајн носи приказна.

**Сместување**
Evangadi Lodge **(1 ноќ)**

**Место**
Долината Омо

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 6: Арба Минч, племето Бена и селото Консо**

Го напуштаме сместување и продолжуваме Арба Минч – градот меѓу двете езера. Ќе поминеме низ територијата на племето Бена препознатливо по децата што одат на штакли! Посетата на Бена е како да откриеш тајна приказна скриена во срцето на Етиопија! Во срцето на Долината Омо, каде што животот е суров, а културите се спектакуларни, ова племе ќе ви измами насмевка и ќе ви го стопли срцето.. Нивната гостопримливост и шаренило потсетуваат колку различни и уникатни начини на живот постојат на светот. Нивната традиција на движење на тенки стапчиња е начин да се издвојат, да привлечат внимание на пазарите и да покажат вештина и рамнотежа. Најмладите од ова племе се вистински акробати! Додека нивните врсници во други земји трчаат по игралишта, тука децата гордо чекорат високо над земјата, балансирајќи со неверојатна леснотија. Тоа е нивната игра, нивниот начин да се истакнат и да донесат боја и радост во секојдневието. Кога ќе ги сретнете, ќе почувствувате чиста детска енергија и ведрина – нешто што ретко се гледа во суровата реалност на пустинската Етиопија.

Продолжуваме кон селото Консо, што е буквално како патување низ жива историја. Ќе видите како луѓето со векови успеале да создадат одржлива заедница со неверојатна посветеност кон земјата и традицијата. Консо е едно од највпечатливите и најорганизирани традиционални села во цела Етиопија. Ова место е толку уникатно што е прогласено за UNESCO светско наследство, благодарение на својата посебна култура, архитектура и начин на живот.

Консо е познато по своите камени тераси кои ги градат со векови. Со нив успеваат да одгледуваат жито и зеленчук во тешки и суви услови. Овој систем е вистински пример за човечка креативност и адаптација кон природата. Секое село е опколено со камен ѕид кој служи како заштита, а внатре куќите се изградени од дрво, камен и кал. Селата се поставени на ридови, со тесни улички кои создаваат лавиринт.

Интересно е што по смртта на важен воин или старешина, Консо луѓето издигнуваат дрвени статуи (вага) кои ја претставуваат личноста и неговите подвизи. Овие споменици се уметнички и духовни обележја со голема симболика. Повозрасните во заедницата имаат посебна почит и играат централна улога во одлуките, ритуалите и пренесувањето на знаењето на помладите и имаат уникатен општествен систем на генерации, каде што на секои 18 години се префрла „власта“ на нова генерациска група. Ова создава ред и структура во општеството.

Денешната авантура ја завршувме во Арба Минч каде ја поминуваме и ноќта и се спремаме за возбуливиот ден кој не очекува!

**Сместување**
Mira Height Lodge **(1 ноќ)**

**Место**
Долината Омо, Арба Минч (Arba Minch)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 7: Езерото Чамо и селото Дорзе**

Нов ден и нова возбудлива приказна која ја испишува Африка! По појадокот одиме пловиме со брод по езерото Чамо. Пловидбата по езерото Чамо е вистинско сафари на вода! Додека чамецот мирно се движи низ водата, одеднаш ќе забележите крокодили кои лежат на сонце или нилски коњи кои излегуваат на површина. Момент во кој се штипнуваме да видиме дали се' ова е вистина! Момент кога природата ја покажува спектакуларна убавина! Искуството да пловиш по езерото Чамо дефинитивно и става круна на оваа наша необична авантура!

Езерото Чамо е дом да на огромна популација на крокодили кои достигнуваат должина и до 6 метри. Најпознато место е т.н. “Crocodile Market”, каде што десетици крокодили се излежуваат на бреговите или пливаат крај чамците - вистинска атракција што ја нема на многу места во светот. Освен крокодилите, езерото е полно и со Нилски коњи кои често може да се видат како лежат во водата во групи, а понекогаш излегуваат на брегот. А за љубителите на птици, Чамо е рај! Африкански орли-риболовци, пеликани, чапји, ибиси и безброј други видови го населуваат езерото. На целото ова замислете и живописна природа, опкружени со зелени ридови и национален парк и поглед кон планините Гамо. Наутро или при зајдисонце, водата добива златна боја што прави секое патување со чамец магично..

Продолжуваме кон селото Дорзе. Комбинација од културно и сценско доживување. Ќе влезете во куќи што изгледаат како да излегле од бајка, ќе пробате традиционален леб од енсете, ќе гледате мајстори ткајачи на дело и ќе бидете дел од веселите танци и песни на домородното население!

Најголемиот белег на селото Дорзе се нивните куќи изградени од бамбус и трска, кои имаат висока, сводеста форма што потсетува на глава на слон. Тие се долги и до 10 метри, а со тек на време „се спуштаат“ бидејќи долниот дел од бамбусот се суши и се отсекува. Дорзе народот е далеку прочуен како мајстори на ткаењето. Памукот што го одгледуваат и обработуваат е основа за изработка на облеки, шалови и традиционални ткаенини со шарени дезени. Ова е еден од најважните извори на приходи за селото. Познати се по својата радосна музика и енергични танци, кои често ги изведуваат за време на прослави или за добредојде на гости и ќе направат нашиот престој да биде незборавен!

**Сместување**
Mira Height Lodge **(1 ноќ)**

**Место**
Арба Минч (Arba Minch)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 8: Адис Абеба City Tour**

По појадокот имаме трансфер до аеродром и лет од Арба Минч до Адис Абеба. Наутро сме илјадници години назад, а во попладневните часови урбан шок! Кафулиња, музеи, пазарчиња, храмови, и модерност која личи на хаос, но е всушност симфонија.

Овој ден ќе ја запознаеме и другата страна на Етиопија. Во Адис Абеба не постојат полека и тивко. Сѐ е во движење - луѓето, улиците, молитвите, автомобилите што свират за секунда повеќе, женичките што продаваат зачини на тротоар, деца што ти се насмевнуваат без причина.

Започнуваме со посета на Националниот музеј, каде што се чува „Луси“ – најпознатата предчовечка хоминидка на светот, стара 3.2 милиони години.

Потоа одиме на Ентото ридовите - од каде што ќе го видиме градот одозгора и нивната најпозната црква, место полно со енергија и легенди.

Ќе го прошетаме и пазарот Меркато, еден од најголемите отворени пазари во Африка – таму каде што хаосот добива свој ритам, а секој предмет има приказна. Можеме да најдеме накит од старо време, ритуални маски, облека избоени со природни бои и кафе што мириса како да си влегол во нечија кујна, а не на пазар.

Ќе го затвориме денот со традиционална етиопска кафе церемонија – но ова не е само пиење кафе. Ова е ритуал. Се палат темјани, се меле зрно рачно, се варат три кругови. Првиот е за телото. Вториот е за душата. Третиот е за духовите.

**Сместување**
Caravan Hotel Addis Abeba **(1 ноќ)**

**Место**
Арба Минч (Arba Minch), Адис Абеба (Addis Ababa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 9: Напуштање на сместувањето и слободно време до поаѓање.**

По појадокот го напуштаме сместувањето. Слободен ден за докупување на уште некој сувенир и да се поздравиме со оваа фасцинантна земја. Во вечерните часови традиционална Етиопијска вечера во традиционален ресторан и трансфер до аеродром.

**Превоз**
Трансфер од сместувањето до аеродром

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Враќање и крај на патувањето**

По полноќ лет од Адис Абеба до Скопје со преседнување во Истанбул. Пристигнување во Скопје во утринските часови.**Крај на патувањето.**

**Превоз**

Индивидуален авио билет со сите такси на релација Адис Абеба - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж.

**Место**

Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**2.299,00** EUR

**20 ГОДИНИ JUNGLE!**
Попустот важи за **првите 4 пријави во АКЦИЈА!**
**2.099,00** EUR

**Не е вклучено**

- Виза за Етиопија

**Факултативни излети**

**Сместување**

**Caravan Hotel Addis Abeba** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Caravan Hotel е хотел со 3* (по локална категоризација) во Адис Абеба, Етиопија. Хотелот се наоѓа на одлична локација на само неколку минути од центарот на Адис Абеба. Хотелот располага со дво-креветни соби, со сопствен тоалет, сеф, телевизор и Wi-FI интернет.
*Услугата е на база ноќевање со појадок*

**Сајт**

https://www.caravanaddis.com/home

**Адреса**

Mike Leyland St
Addis Ababa 0132
Ethiopia

**Nassa Hotel**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Nassa Hotel е хотел во Џинка, Етиопија. Хотелот располага со двокреветни соби со сопствено купатило.
*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Evangadi Lodge**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Evangadi Lodge е сместувачки објект во Турими, Етиопија. Се наоѓа во предградието на Турми - пазарен град во регионот Јужен Омо во Етиопија. Lodge декориран во типичен афринаски стил, каде се сместуваме во двокреветни соби со сопствено купатило.
*Услугата е на база ноќевање со појадок*

**Mira Height Lodge**

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Mira Height Lodge е лоџ во Арба Минч, Етиопија. Се сместуваме во двокреветни соби со сопствено купатило.

*Услугата е на база ноќевање со појадок*

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Адис Абеба (Addis Ababa)**

Адис Абеба (Addis Ababa) е главен град на Етиопија, чие име значи “нов цвет“. Градот е основан во 1886 година, а денес е најголем град со речиси 3 милиони жители. Градот се простира на надморкса висина од 2500 метри и претставува почетна точка на многубројните туристи за истражување на културата и природата на оваа земја.

**Долината Омо**

Долината Омо во југозападна Етиопија е место на светското наследство на УНЕСКО, познато по своето геолошко значење и како критично археолошко наоѓалиште за проучување на човечката еволуција поради бројните откритија на фосили од хоминиди. Таа е дом на различни домородни племиња, како што се Мурси и Сури, кои живеат во националните паркови Омо и Маго, и е локацијата каде што реката Омо се влева во езерото Туркана во Кенија.

**Арба Минч (Arba Minch)**

Арба Минч (Arba Minch**)** е град во јужниот дел на Етиопија, познат по старото име Ganta Garo. Се наоѓа на околу 500км јужно од престолнината Адис Абеба, на околу 1280 метри надморска височина. Од Арба Минч тргнуваат најпознатите тури за посета на долината Омо во која живеат традиционални племиња.

**Корисни информации**

**Етиопија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ:**

Главен град: Адис Абеба

Површина: 1.104.300 km²

Број на жители: 107,534,882 (2015.)

Население: Оромо, Амхара и Тигриња

Јазик: амхарски

Вероисповед: Христијани 55%, муслимани 40%

Локално време: UTC + 3

Валута: етиопски бир

**2. ВИЗИ:**

За државјаните на Р. С. Македонија е потребна виза за престој во Етиопија. Визата се вади онлајн или при пристигнање во Етиопија (Visa on Arrival), истата чини $62.

**3. ВРЕМЕНСКАТА ЗОНА** е UTC+3, односно во текот на зимското сметање на времето разликата помеѓу С. Македонија и Етиопија е 2 часа, а во текот на летното сметање е 3 часа, затоа што Етиопија не преминува на летно сметање на времето.

**4. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА:**

Водата не е се пиење, се користи исклучиво флаширана вода и се избегнува лед. Флаширана вода се користи и за миење на забите како и за миење на овошје и зелнчук.

Што се однесува до лековите против маларија, не е неопходно да ги земате, но за ова консултирајте се со Вашиот лекар. Важно е да знаете дека лековите не штитат 100% од маларија и може да имаат несакани дејства.

Од лекови со себе понесете лекови за редовна терапија доколку ја примате, пробиотик, лекови за снижување на телесната температура, лекови против болка, односно лекови кои генерално ги носите на патување. Задолжително понесете и крема за сончање и Аутан.

Препорака е да имате здравствено осигурување. Здравственото осигурување можете да го уплатите во агенцијата најдоцна 5 дена пред поаѓање. За цена на осигурувањето јавете се во агенцијата.

**5. БЕЗБЕДНОСТ:**

Етиопија е во главно безбедна земјам но потребно е да се придржувате до одредени правила. Не се препорачува движење во мрак и навечер, затоа што пред сé се станува збор за сиромашно и неразвиено подрачје, како и на места каде има голем метеж (локални пазари и сл.) и треба да се води сметка за џепароши. Исто така, не се препорачува да се движите со скапоцен накит.

**6. КЛИМА**

Климата во Етиопија е различна во зависност од тоа на кој дел од земјата се наоѓате. Надморската висина и географската должина одредуваат три климатски зони: ладна зона над 2400 метри каде температурата варира од близу 0 до 16 °C; умерена зона на висина од 1500 до 2400 метри со температури од 16 °C до 30 °C и топла зона, под 1500 метри со тропски и суви услови каде дневната температура варира од 27 °C до 45 °C.

**7. ХРАНА:**

Етиопската кујна комбинира арапски елементи и индиска кујна, така што храната е многу пикантна. Можете да најдете доста аргуми, банани, смокви, разноврсен зеленчук, говедско, јагнешко и јарешко месо, а популарно е и мекото сирење иаб, многу сличен на грчката фета, а се лади замотан со кора од банана.

**8. ОБЛЕКА:**

Етиопија е исклучително традиционална земја и е пожелно да се почитуваат нивните верувања и да се облекувате во склад со тоа.

За жените, идеална облека би била кошула или фустан кои ги покриваат рамењата и колениците. Панталоните се исто така добри (иако локалните жени ретко ги носат освен во Адис Абеба), но кратките панталони или маици без ракави не се многу прифатливи, особено во исламските подрачја и руралните средини. Мажите обично би требало да носат долги панталони и кошула или маица која ги покрива рамењата. Движење без маица или кошула е целосно неприфатливо, а кратките панталони се недостојна облека за возрасните мажи.

**9. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА:**

Валутата која е во оптег е етиопски бир - ЕТВ.

Препорака е со себе да носите долари, но исклучиво испечатени во 2006та година или подоцна.

Платежните картички од нашите банки начелно е можно да ги користите. Меѓутоа, бројот на места каде што можете да ги користите е навистина мал и банкоматите се ретки, а многу често и се расипани, па затоа не се препорачува да се ослоните на ваков вид на плаќање и вадење на пари. За детали обратете се во Вашата банка и задолжително пријавете заминување во странство поради опасноност од блокирање на картичките.

Не е легално внесување или изнесување на повеќе од 1000 етиопски бира.

**10. СТРУЈА, ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИЈА:**

Единствениот мобилен оператор (ETS) има договори за роаминг со некои европски компании, но во прашање е недоверлив давател на услуга, па така подобро е да користите локални отколку македонски картички. Тамошната prepaid SIM картичка чини околу 25 евра.

Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како и кај нас и нема да Ви се потребни адаптери.

**11. СУВЕНИРИ:**

Од сувенири препорачуваме: етиопски материјали, кафе, традиционални корпички, зачини, накит, керамички садови, фустани, дрвени скулптури.

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува "саатницата" одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.

- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои

патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.

- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.